...



# Регионални сметки

## РСПП_РЕГ.С/КИ_А_МК_2020_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за сателитски сметки | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Вилма Гудеска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| vilma.gudeska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 680 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 31/10/2022 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 31/10/2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 31/10/2022 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

- Бруто-домашен производ (по региони, по жител),

- Бруто-додадена вредност (по сектори на дејност според НКД Рев.2, по региони),

- Ивестиции во основни средства (по сектори на дејност според НКД Рев.2, по региони)

### 3.2 Систем на класификации

-Националната класификација на дејности, НКД Рев.2,

-Номенклатура на територијални единици за статистика, НТЕС, НТЕС 3

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сите сектори од Националната класификација на дејности, НКД Рев.2,

http://www.stat.gov.mk/Nacionalni_Klasifikacii2.aspx?rbr=1

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Концептите и дефинициите кои се користат во регионалните сметки се во согласност со:

**Европски систем на сметки ЕСС 2010, Евростат, 2013 https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5925693/KS-02-13-269-EN.PDF/44cd9d01-bc64-40e5-bd40-d17df0c69334**

**Прирачник за методите за пресметка на регионални сметки, Евростат, 2013 , https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5937641/KS-GQ-13-001-EN.PDF/7114fba9-1a3f-43df-b028-e97232b6bac5**

Основни категории кои се пресметуваат во регионалните сметки се:

**Бруто-домашниот производ по пазарни цени** е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и претставува збир на бруто-додадената вредност од одделните институционални сектори или одделни дејности, по основни цени плус данокот на додадена вредност и царините, минус субвенциите на производите.

**Бруто-додадената вредност по основни цени** претставува основна категорија на бруто-домашниот прозвод и се дефинира како разлика меѓу бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.

**Инвестициите во основни средства** ја претставуваат вкупната вредност на набавките на основни средства намалена за отуѓувањата (продажбите) на основни средства во текот на пресметковниот период и зголемена за одредени додатоци на вредноста на непроизведените средства

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Деловни субјекти

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Сите деловни субјекти.

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

-НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија),

-НТЕС 3 (региони)

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Од 2000 година до 2020 година дефинитивни податоци.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

Не е релевантно.

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

Македонски денар

## 5 Референтен период

Година (календарска година од 01.01. до 31.12.)

## 6 Институционален мандат

### 6.1 Законски акти и други договори

- НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА
  Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18, 31/20). http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8
- Програма за статистички истражувања, 2018-2022 („Службен весник на РМ" бр.22/18.)

  https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8

### 6.2 Споделување на податоци

Податоците се испраќаат до Евростат преку eDAMIS.

Пратени се податоци за период од 2000 година до 2020 година.

## 7 Доверливост

### 7.1 Доверливост - политика

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика **http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx**
2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост

https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf

### 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ), индивидуалните податоци не се објавуваат.

## 8 Политика за објавување

### 8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

**http://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx**

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Годишна

| 10 | **Достапност и јасност** |
|---|---|

| 10.1 | **Соопштенија** |
|---|---|

Во согласност со Стратегијата за дисеминација ( https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/strategii/StrategijaDiseminacija2014-2016mak.pdf ), Соопштенијата се објавуваат годишно и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“.

| 10.2 | **Публикации** |
|---|---|

Податоците од регионални сметки се објавуваат во публикацијата Регионите во РСМ https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=845

| 10.3 | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22

| 10.5 | **Друго** |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби. Податоците се доставуваат и преку ЕДАМИС.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

Методолошко објаснување, национално, http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=12

Прирачник за методите за пресметка на регионални сметки, Евростат, 2013, https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5937641/KS-GQ-13-001-EN.PDF/7114fba9-1a3f-43df-b028-e97232b6bac5

Европски систем на сметки ЕСС 2010, https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5925693/KS-02-13-269-EN.PDF/44cd9d01-bc64-40e5-bd40-d17df0c69334

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

https://ec.europa.eu/eurostat

| 11 | Управување со квалитет |
|---|---|

| 11.1 | Обезбедување на квалитетот |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf ).
Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в ( http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx ).

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Податоците за регионалните сметки се користат од страна на Владата, Министерствата и владини институции при креирање и донесување на соодветни и целисходни одлуки кои влијаат на развојот на регионите. Исто така податоците се користат за макроекономски анализи, за подготовка на стратегии за економски развој на регионите како и за следење на степенот на реализација на усвоените стратегии. Статистичкото истражување за регионални сметки го задоволува принципот на точност. Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено испратени до Евростат. Податоците за бруто додадена вредност по региони, инвестиции по региони се временски и географски споредливи.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Податоците за регионалните сметки се користат од страна на **Владата, Министерствата и владини институции** при креирање и донесување на соодветни и целисходни одлуки кои влијаат на развојот на регионите, за макроекономски анализи, за подготовка на стратегии за економски развој на регионите како и за следење на степенот на реализација на усвоените стратегии.

**- Стопанските комори, трговски здруженија** ги користат овие податоци за одредени анализи на пазарните активности како и за донесување на соодветни стратегии на ниво на региони.
**- Деловните субјекти** ги користат податоците за пазарни анализи како и за донесување на одлуки за инвестирање во одредени дејности и во одредени региони.

**- Универзитети, професори, студенти, независни аналитичари, експерти** и сл.

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

Нивоата на агрегација, според регулативите на Европскиот Парламент и Совет, за регионалните сметки, се пресметуваат и објавуваат на национално и регионално ниво и се пренесуваат до Евростат.Расположива е временска серија од 2000 до 2020 година.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

Не е применливо.

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

| 14 | Навременост и точност |
|---|---|

| 14.1 | Навременост |
|---|---|

Временска разлика до дефинитивните резултати, Т+22 месеци

| 14.2 | Точност |
|---|---|

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост.

| 15 | Кохерентност и споредливост |
|---|---|

| 15.1 | Географска споредливост |
|---|---|
| Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално и регионално ниво и споредливост со ЕУ земји. | |
| **15.2** | **Временска споредливост** |
| Должината на споредлива временска серија е 21 референтни години, од 2000 до 2020 година. | |
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| -Податоците за Бруто-домашен производ по региони. Бруто-додадена вредност по региони, Инвестиции во основни средства по региони се споредуваат со податоците за вкупниот Бруто-домашен производ, вкупната Бруто-додадена вредност и вкупните Инвестиции во основни средства. Споредбата се прави на ниво на оддели на НКД Рев.2. | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат при процесот на нивната обработка. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Не е применливо. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |
| | |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: http://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |

Ревидирање на податоците од регионалните сметки се врши во случаи кога има методолошки подобрувања, промени во Националната класификација на дејности, промени на европско ниво како што е преминот од Европскиот систем на сметки, ESA 2010 или поради ревизии

во статистичките истражувања кои се користат како влез за пресметка. Главните ревизии беа направени во текот на:

- методолошки подобрувања во 2010 година, за сериите на податоци 2003-2007 година, според Методологија ESS 95,

- методолошки подобрувања и промена на Класификацијата на дејностите НКД Рев.1 со НКД Рев.2, во 2014 година за серии 2000-2012 година, според Методологија ЕСС 2010 година

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Основен извор на податоци за пресметка на бруто домашен производ по региони е статистичкото истражување „БДП според производниот метод, по тековни цени, на годишно ниво, БДП.ПТ. Дополнителни извори се статистички истражувања кои овозможуваат веродостојни податоци на регионално ниво.
Основен извор за распределба на Инвестициите во основни средства по региони е „Годишно истражување за пресметка на инвестиции во основни средства" ИНВ.1.

| 18.2 | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Годишна

| 18.3 | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Основен извор е „БДП според производниот метод, по тековни цени, на годишно ниво БДП.ПТ

Дополнителни извори се податоци од следните статистички истражувања:

„Статистичко истражување за работната сила" АРС,
„Економски сметки во земјоделството, по тековни цени" ЕСЗ.ТЦ,
„Статистичко истражување за вработени и плати (годишно)" ТРУД.21,
„Статистичко истражување за прометот во индустријата" ИНД.2,
„Статистичко истражување за трговијата" ТРГ.1,
„Статистичко истражување за инвестиции во основни средства" ИНВ.ОС,
„Статистичко истражување за градежни објекти на кои се изведувани работи од страна на деловните субјекти за објекти од високоградба, нискоградба и хидроградба" ГРАД.11,
„Статистичко истражување за градежни објекти градени од страна на индивидуални сопственици" ГРАД.11А,
„Статистичко истражување за угостителството" УГ.11,
„Статистичко истражување за искористување на шумите" ШУМ.22,
„Регионални сметки во земјоделството" ЕСЗ.РС,
„Статистичко истражување за комунален отпад" ЖС.О.2 и др.

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка се прави со споредување на податоците за Бруто-додадената вредност и инвестициите по региони со вкупно, на ниво на сектор и на ниво на оддел на НКД Рев.2.

## 18.5 Компилирање податоци

Прибраните податоци за потребите на пресметка на регионалните сметки се преметуваат во Excel табели.

## 18.6 Прилагодување

## 19 Коментар

## А.1 Анекси